# ЗАПИСНИК

Од продолжението на 51-вата седница на Советот на Општина Новаци одржана на ден 01.08.2024 г. со почеток во 12:00 часот во просториите на општинската зграда во с. Новаци.

На седницата, од вкупно 9 (девет) советници, присутни беа 8 (осум) членови на Советот на Општина Новаци: Славица Најдовска Стојковска - претседател, Горан Велјановски, Николче Димовски, Александар Канзуровски, Наумче Смилевски, Пецо Дојчиновски, Иванчо Котевски и Сузана Јовановска,.

На седницата не присуствуваше советникот Љупчо Петровски.

Гости на седницата беа Пецо Трајчевски - претседател на ЗФК „Новаци 2005“- Новаци и Никола Симоновски.

На седницата беа присутни и Градоначалникот на Општина Новаци Стевче Стевановски, Анета Киселоска-раководител, Оливера Димитровска – раководител и Катерина Чукалевска-советник.

Претседателката на Советот го отвори продолжението на 51вата седница на Советот на Општина Новаци со точките од дневниот ред кои не беа разгледани на седницата одржана на 29.07.2024г.

2. Разгледување на 23 Барања доставени на Јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно-уметнички друштва, верски заедници и слично од Буџетот на Општина Новаци за 2024 година ;
6. Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. на ЗФК „Новаци 2005“;
7. Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. (младинска школа) на ЗФК „Новаци 2005“;
8. Разгледување на барање од ЗФК „Новаци 2005“ за фарбање на соблекувална во фудбалско игралиште;
11. Советнички прашања.

**2 точка** Разгледување на 23 Барања доставени на Јавен повик за доделување на финансиска помош на здруженија на граѓани, фондации како спортски клубови, месни заедници, црковни одбори, културно-уметнички друштва, верски заедници и слично од Буџетот на Општина Новаци за 2024 година ;

Славица Најдовска Стојковска: Барања по јавниот повик кои се однесуваа на доделување на градежен материјал, храна и пијалоци, Комисијата за финансии, буџет и ЛЕР, ги разгледа и ги одби со предлог да се разгледува на седница на Совет, бидејќи треба да се реализираат од друга буџетска ставка.

На седницата се започна со разгледување поединечно на сите 23 барања.

Во повеќето од барањата нема наведено висина на потребни средства, но наведена е потребата од градежен материјал и храна и пијалоци.

Советниците даваа предлози, размислувања, но бидејќи за потребните материјали нема доставено предмер пресметки или пак количини на материјали, не може да се утврди потребната висина на средства.

Славица Најдовска Стојковска: Ние не можиме да одредиме висина на средства, затоа предлагам со донесување на заклучок, сите овие барања да се одбијат како барања по јавниот повик, а барателите да си донесат нови барања тековно според потребите со конкретни суми и предмер пресметки, па по нив Советот поединечно ќе одлучува.

Предлогот на Славица Најдовска Стојковска, беше усвоен со **8 гласа за**.

**6 точка** Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. на ЗФК „Новаци 2005“;

Славица Најдовска Стојковска: Предлагам, Претседателот на ЗФК „Новаци 2005“, Пецо Трајчевски, кратко да се произнесе и за двете финансиски програми (точка 6 и 7 од дневниот ред) па потоа Советот поединечно ќе одлучува.

Претседателот на ЗФК „Новаци 2005“ започна со излагање на финансиските програми за сезона 2024/2025 год. на: ЗФК „Новаци 2005“ и младинската школа на ЗФК „Новаци 2005“, за активностите на клубот, како и за потребните средства и планираните трошоци предвидени во програмите.

По излагањето на програмите Претседателката на Советот, му постави прашање на Пецо Трајчевски: Зошто не се пријавивте на Јавниот повик на Општина Новаци, за доделување на финансиски средства на здруженија на граѓани, фондации како: спортски клубови, месни заедници и тн. кој беше објавен на 29.05.2024г, во траење од 1 (еден) месец?

Претседателот на ЗФК „Новаци 2005“ кажа дека Финансиските програми се доставени на 07.06.2024г. во архивата на Општина Новаци, навремено, во предвидениот рок, но незнаел дека треба да стави назнака на доставата или пак да ги извести во архивата дека истите треба да се заверат како барања по јавниот повикот.

Потоа Претседателката на Советот предложи да се донеси Одлука за прифаќање на финансиските програми на ЗФК „Новаци 2005“, како барања по јавнио повик, бидејќи станува збор за барања на финансиски средства поткрепени со програми, навремено предадени во архивата, па очигледно е дека станува збор за недоразбирање односно технички пропуст .

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за, 1 воздржан** (Александар Канзуровски), **и 1 советник кој не гласаше** донесе Одлука за прифаќање на Барањето со финансиската програма на ЗФК „Новаци 2005“ како барање во јавниот повик.

**7 точка** Разгледување на Финансиска програма за сезона 2024/2025 год. (младинска школа) на ЗФК „Новаци 2005“;

При разгледувањето на 6та точка на дневниот ред се направи излагање и расправа и по 7ма точка, па веднаш се премина на гласање.

Советот на Општина Новаци со **6 гласа за, 1 воздржан** (Александар Канзуровски), **и 1 советник кој не гласаше** донесе Одлука за прифаќање на Барањето со финансиската програма на ЗФК „Новаци 2005“(младинска школа) како барање во јавниот повик.

Претседателката на Советот побара да се прекини седницата и им предложи на советниците, истата да продолжи на 06.08.2014г. во 12:00 часот со разгледување на точките 6, 7, 8 и 11 од Дневниот ред. Предлогот на Претседателката е прифатен со **8 гласа за**, со што второто продолжување на 51-та седница на Советот на Општина Новаци е закажана на 06.08.2024ч. (вторник) во 12:00 часот.

Записничар: Анета Киселоска

Совет на Општина Новаци
Претседател
Славица Најдовска Стојковска